


# Етика – морал

# Интегритет

# Клучни зборови

- Етика
- Морал
- Интегритет
- Етички кодекс






# Што е етика?

**Етика - ethos**

- Етиката е теорија за моралот за неговата важност за облиците на неговиот развој и улога во општествените односи.
- Етиката е поим кој навлегува во сите пори на општествениот живот. Колку повеќе е рзвиена етиката во едно општество, толку повеќе моралот и вредностите во едно општество се поквалитетни.
- Воспитно образовна наука

# Етички стандарди

- еднаквост, правда, правичност, вистина, достоинство, чест, заедничко добро, одговорност, штитење на правата на странките и вработените,  одржување безбедност на работното место, взаемно почитување, доверба, соработка и сл.



# Етиката проучува/подучува

- Етиката нѐ подучува како треба правилно да размислуваме, како правилно да се однесуваме, да правиме добри дела, како да се грижиме за другите и општо - секогаш да правиме само добри работи.



# Етиката како:




- ***Теолошка наука***
- **Христијанство:** прави им го на другите тоа што сакаш тебе да ти го прават.
- **Ислам:** Никој од вас не е вистински верник, доколку тоа што го посакува за себе, не го посакува и за својот ближен.
- **Јудаизам:** што е лошо за вас, не го правете на другите, тоа е вечен закон.
- ***Филозовска наука***
- Аристотел-Никомахова етика

# УНИВЕРЗАЛНИ ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ

Мир

Еднаквост

Грижа

ПОЧИТУВАЊЕ

Мудрост

Соработка

ПРИЈАТЕЛСТВО

Правда

Помагање

Одговорност

# ГЛАВНИ ЕТИЧКИ ПОИМИ

- Соработка-заедничко извршување на работата- делење на на работата, помош при работата
- Толеранција- ненасилство,неправење зло ни со зборови ни со дела,поднесување на колегите, почитување
- Трпеливост- непротивење на разликите,поднесување на туѓо постоење.

НЕ МОЖЕМЕ да ПРАВИМЕ ГОЛЕМИ НЕШТА,
но МАЛИТЕ МОЖЕ ДА ГИ ПРАВИМЕ со ГОЛЕМА ЉУБОВ!



*- Мајка Тереза*



ТРГАЈ СЕ ОД ЗЛОТО И ПРАВИ ДОБРО!

# Како да донесеме правилни етички одлуки






За да не се збуниме кога сме во дилема дали правилно постапуваме или не, секогаш треба да размислиме и да се раководиме од следниве правила:

- дали тоа што го правиме и нѐ прави среќни е правилно?

-какви ќе бидат последиците од нашето однесување врз другите луѓе?

секогаш да размислуваме за тоа како правилно да постапиме,дали нашата постапка е искрена, чесна и праведна добронамерна,дали со нашето однесување нема да повредиме некого

-

# Погрешни етички заклучоци




- Можно е да донесеме погрешни етички заклучоци ако размислуваме на следниов начин:
- ако е неопходно, тогаш е етички
- ако не се казнува, тогаш е правилно
- имав добра лична причина да го направам тоа
- го направив тоа за тебе по секоја цена
- сите го прават тоа, зошто не и јас пример.со полицаец
- така ми дојде да направам
- во ред е ако јас не губам ништо со тоа

- *Можеш ли да раскажеш и ти едно твое слично доживување?*

# морал

- *mores* - морал
- Моралот е збир на непишани правила за однесувањето на луѓето.
- Со моралот се проценува што е добро, а што е лошо.
- Тој е една од најважните карактеристики на човекот. Моралниот човек има чувство и знаење за тоа што е добро. Ако за нас се говори дека сме морални, тоа значи дека ние во животот правиме добро и дека го избегнуваме лошото.
- Моралот е посакувано однесување и затоа насекаде во светот позитивно се оценува.






*Морално однесување*



За морален го сметаме оној човек,кој со своето однесување и расудување ги прифаќа моралните вредности и со својот живот и работа создава добрини за себе и за другите луѓе, а во исто време никому не му нанесува зло.

# ИНТЕГРИТЕТ







- Интегритет- Integritas
- Во превод значи целокупен, потполн, неделив. Интегритетот се дефинира како целосна предаденост на моралните и етички те принципи, цврстината на моралниот карактер, чесност. Личниот пак интегритет е процес кој значи длабоко вкоренети етичките вредности. Кога говориме за личноста со инегритет говориме за чесна личност.
- 3 чекори на интегритетот
- 1. Воочување на разликата помеѓу доброто и злото
- 2.делување врз основа на таквото воочување
- 3. јасно нагласување дека добро сме ја разбрале разликата.

# Деловна етика




Биди искрен, чесен и одговорен
(Прави ги работите исправно дури и кога никој не те гледа)

Биди фер (посебно кон оние кои не се на позиција и немат моќ)

Почитувај (биди добра и помагај на колегите внеси радост и дружељубивост во работната атмосфера)

Биди сочуствителен и одговорен
(живеј со интегритет)




# Судска етика

- Судската етика претставува збир на правила на однесување, што вработените во судовите треба да ги почитуваат во вршењето на работните задачи.
- Судските службеници имаат морална и чесна должност да ги применуваат, развиваат и збогатуваат судските етички начала. Судскиот службеник преку свој личен пример ги упатува и другите да ги почитуваат и применуваат овие правила на однесување.
- Со својата работа влијаеме на мислењето на јавноста кон судскиот систем.
- Со својата работа го чуваме угледот и авторитетот на судот и надвор од судот со одржување на висок степен на личен, професионален и морален однос.

Во комуникација со странките треба да се биде љубезен, смирен и трпелив.

НЕ ЗБОРУВАЈ ДЕКА ТРЕБА ДА СЕ ПРАВИ ДОБРО,
ТУКУ ПРАВИ ГО!

*римски цар-етичар Марко Аврелиј*



# *ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО!*

***Изготвила:***
***Лидија Таневска Јадровска,***
***Шеф на кабинет- самостоен судски советник***
***Врховен суд на Република Македонија***